**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПОДИГАЊЕ И ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ

**III ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски техничар***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПОДТИГАЊЕ И ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги објаснува постапките за подигање на лозов насад;
- да ја познава негата на младите лозови насади;
- да ги опишува начините на резидба на виновата лоза;
- да го познава одгледувањето на виновата лоза;
- да ја објаснува употребата на органски и минерални ѓубрива за ѓубрење на лозовите насади;
- да определува време и норми за наводнување на лозови насади;
- да развива еколошка свест.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: биологија, хемија, педологија, агротехемија на винва лоза, земјоделска техника и практична настава од втора година, како и од предметот основи на земјоделие со ветеринарство од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1 Сруктурирање на содржините за учење

| Тематсски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелацја меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОДИГАЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ** | **18** | ***Ученикот:***<br>- да ја сфаќа важноста од подготовка на површината за подигање на лозов насад;<br>- да гообјаснува чистењето и рамнењето на теренот за подигање на лозови насади;<br>- да ја познава заштита на лозовиот насад од ерозија;<br>- да разликува рачно од машинско риголовање;<br>- да објаснува парцелирање на површината;<br>- да го определува растојанието и распоредот на лозите при садење;<br>- да ја објаснува подготовката на калемите за садење;<br>- да го разликува садењето на лозовите калеми во дупки со загрнување од садење во дупки без загрнување; | - Презентирање начини на подигање на нови лозови насади;<br>- запознавање со чистењето, рамнењето, риголовањето и заштитата од ерозија;<br>- организирање вежби за парцелирање на површината и определување на растојанието и распоредот на лозите при садење;<br>- презентирање на техниката на подготвување на калемите за садење;<br>- демонстрирање за начините и техниките за садење на лозови калеми; | - Земјоделска техника<br>- Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го објаснува садењето на калемите призведени со картонажна техника;<br>- да го опишува садењето на лозови калеми со водена садилка. | - организирање посета на земјоделски површини при подигање на лозов насад. | |
| **2. НЕГА НА ЛОЗОВИ НАСАДИ** | **12** | - Да ја сфаќа важноста на негата на младите лозови насади;<br>- да ги разликува мерките за нега на младите лозови насади во првата, втората и третата година;<br>- да го сфаќа значењето на потпорите на виновата лоза;<br>- да разликува одгледување на лозата на шпалири и одрини;<br>- да ги разликува материјалите за изработка на потпори на виновата лоза;<br>- да ја објаснува техниката за поставување на потпорна конструкција за одгледување на одрина;<br>- да го објаснува поставувањето на жици и столбови за одгледување на шпалир. | - Објаснување за негата на младите лозови насади во првата, втората и третата година;<br>- презентирање на материјали за потпорна конструкција за одгледување на одрини и жица и столбови за одгледување на шпалир;<br>- демонстрирање на техники за поставување на потпорни конструкции за одрини;<br>- демонстрирање на техники за поставување на столбови и жици за шпалир;<br>- организирање посета на млади лозови насади. | - Земјоделска техника<br>- Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. РЕЗИДБА НА ВИНОВА ЛОЗА** | **22** | - Да ја сфаќа поврзаноста меѓу начинот на резидба и приносот на виновата лоза;<br>- да го планира приносот на грозјето според избраниот начин на резидба;<br>- да ги познава системите на одгледување на винова лоза;<br>- да ги разликува начините на резидба (кроење) на виновата лоза;<br>- да ги препознава родните пупки кај виновата лоза;<br>- да го определува начинот на кроење кај одредени сорти винова лоза;<br>- да го објаснува начинот на резидбата на зелено: лачење, плевење на ластарите, поткршување и отстранување на зелените ластари и заперците кај виновата лоза. | - Објаснување за планирање на приносот на грозје при одредена резидба на виновата лоза;<br>- демонстрирање начини на резидба на виновата лоза;<br>- демонстрирање начини на резидба на зелено: лачење, плевење на ластарите, поткршување и отстранување на зелените ластари и заперците кај виновата лоза;<br>- организирање вежби за совладување на техниките на резидба (кроење) на виновата лоза;<br>- организирање посета на лозови насади. | - Земјоделска техника<br>- Лозарство<br>- Практична настава |
| **4. ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА** | **8** | - Да ги познава мерките при одгледување на виновата лоза: прстенување, пинцирање и проредување на гроздови и зрна;<br>- да разликува дефолијација од | - Објаснување за мерките за одгледување на виновата лоза;<br>- демонстрирање техники за врзување на | - Земјоделска техника<br>- Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дополнително опрашување на виновата лоза;<br>- да ја познава техниката на врзување на виновата лоза;<br>- да разликува врзување на стебла од врзување на зелени ластари. | винова лоза;<br>- организирање вежби за совладување на техниките за врзување на виновата лоза. | |
| **5. ЃУБРЕЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ** | **8** | - Да го сфаќа значењето на макро и микро елементите во исхраната на лозата;<br>- да ја објаснува употребата на органските и минералните ѓубрива;<br>- да го определува видот на ѓубрива, времето и начинот за ѓубрење на лозовиот насад;<br>- да го познава ѓубрењето во периодот на плодно семе (меморативно ѓубрење);<br>- да го познава ѓубрењето на лозовите насади за органско производство на грозје. | - Објаснување за значењето на макро и микро елементита за виновата лоза;<br>- презентирање на примената на ѓубривата од органско и минерално потекло;<br>- демонстрирање начини на ѓубрење на лозовите насади;<br>- организирање посета на лозови насади во период на ѓубрењето на виновата лоза. | - Земјоделска техника<br>- Лозарство<br>- Практична настава |
| **6. НАВОДНУВАЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ** | **4** | - Да го сфаќа значењето на наводнувањето врз приностите на виновата лоза;<br>- да определува време и норми за наводнување на лозови насади; | - Објаснување ја објаснува врската меѓу наводнувањето и зголемувањето на приносите кај виновата лоза; | - Земјоделска техника<br>- Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги објаснува начините на наводнување на лозовите насади. | - организирање вежби за одредување на време, норми и начините на наводнување кај виновата лоза. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, значи треба да се реализираат и вежби на практични операции и работни задачи. Поради тоа, во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување, практична работа.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практични работи, домашни задачи и сл.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училници, кабинети и на лозови насади. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во објекти во училишната економија и лозови насади.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, дијафилмови, слики за графоскоп, компјутер, микроскоп, лабораториска опрема, колекција од ѓубрива за виновата лоза, прибор и материјали за нега на виновата лоза, алти и машини што се користат во лозарското производство.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на наставните целини. Секој ученик во текот на едно полугодие може да добие најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***подигање и одгледување на лозови насади*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (лозаро-овоштарска или општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, лабораторија, во училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Страшо Крчов, наставник во СОЗШУ „Ѓорче Петров” - Кавадарци
4. Ристо Милев, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***подигање и одгледување на лозови насади*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/10*** од ***21.06.2007*** година.